Neni 4

Shfrytëzues i mjeteve të huas së nenit 1 të këtij ligji është Ministria e Punës dhe e Politikës Sociale.

Neni 5

Republika e Maqedonisë së Veriut, huan e nenit 1 të këtij ligji do ta shlyejë nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi ditën e botimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

---

**4636.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ

Се прогласува Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 декември 2023 година.

Бр. 08-6484/1
13 декември 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат корисниците, висината, начинот за обезбедување и исплатата на финансиската поддршка на социјално ранливите категории на граѓани.

Член 2

Корисници на финансиска поддршка која се обезбедува согласно со овој закон се лица од социјално ранлива категорија на граѓани и тоа:

- корисници на посебен додаток,
- корисници на правото на надоместок заради попреченост,
- самохрани родители, кои се евидентирани корисници на гарантирана минимална помош,
- корисници на право на пензија во висина до 19.000 денари,
- ученици од основното, односно средното образование, чии семејства имаат вкупни месечни приходи од нето-плата до 50.000 денари и
- студенти кои живеат надвор од местото на студирање.

Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) „**Корисници на посебен додаток**“ се родителите, старателите или лице на кое со решение на надлежниот центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејството со него, истото е со попреченост до 26 годишна возраст, согласно со Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), кои се евидентирани во центрите за социјална работа;

2) „**Корисници на правото на надоместок заради попреченост**“ се лица со навршена 26 годишна возраст, а најмногу до 65 годишна возраст, со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице, согласно со податоците од евиденцијата на центрите за социјална работа;

3) „**Самохрани родители кои се евидентирани корисници на гарантирана минимална помош**“ се родители кои се корисници на гарантирана минимална помош, евидентирани во центрите за социјална работа, кои сами ги вршат родителските права и должности за детето, поради тоа што другиот родител е непознат, починат, исчезнат или од оправдани причини привремено или трајно не ги извршува родителските права и должности, до започнување на основното образование на детето, но најдоцна до седум годишна возраст на детето, а заклучно до третото дете, согласно со податоците од евиденцијата на центрите за социјална работа;

4) „**Корисници на пензија**“ се државјани на Република Северна Македонија кои се стекнале со право на пензија или на сразмерен дел на пензија во Република Северна Македонија и живеат во Република Северна Македонија, кои заклучно со месецот на влегувањето во сила на овој закон оствариле доход по основа на пензија во висина не поголема од 19.000 денари месечно, согласно со податоците од евиденцијата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија;

5) „**Ученици од основното, односно средното образование**“ се државјани на Република Северна Македонија кои се редовни ученици во основните и во средните училишта чии семејства имаат вкупни месечни приходи од нето-плата до 50.000 денари и

6) „Студенти“ се државјани на Република Северна Македонија кои студираат на државните универзитети, а кои имаат статус на редовен студент, живеат надвор од местото на студирањето и користат месечен билет за меѓуградски превоз.

Член 4

(1) Финансиската поддршка за корисниците од членот 2 алинеи 1, 2 и 3 од овој закон изнесува 2.000 денари месечно, за период од пет месеци, започнувајќи од месец декември 2023 година.

(2) Финансиската поддршка за корисниците од членот 2 алинеја 4 од овој закон, за период од пет месеци, започнувајќи од месец декември 2023 година изнесува:

- 3.000 денари месечно за корисници на пензија кои оствариле доход по основа на пензија на месечно ниво во висина не поголема од 14.000 денари во претходниот месец од месецот во кој се врши исплатата на финансиската поддршка,
- 2.000 денари месечно за корисници на пензија кои оствариле доход по основа на пензија на месечно ниво во висина од 14.001 денари до 16.000 денари во претходниот месец од месецот во кој се врши исплатата на финансиската поддршка и
- 1.500 денари месечно за корисници на пензија кои оствариле доход по основа на пензија на месечно ниво во висина од 16.001 денари до 19.000 денари во претходниот месец од месецот во кој се врши исплатата на финансиската поддршка.

(3) Финансиската поддршка за корисниците од членот 2 алинеја 5 од овој закон изнесува 1.200 денари за ученици во основно образование, односно 1.800 денари за ученици во средно образование за период од шест месеци, започнувајќи од месец декември 2023 година.

(4) Финансиската поддршка за корисниците од членот 2 алинеја 6 од овој закон е во висина на месечниот билет за меѓуградски сообраќај од местото на живеење на студентот до местото на студирањето, во износ не помал од 600 денари и не поголем од 1.200 денари месечно, за период од седум месеци започнувајќи од месец декември 2023 година.

Член 5

Средствата за финансиската поддршка во висина и во период утврдени во членот 4 од овој закон се исплаќаат од Буџетот на Република Северна Македонија за тековната година, како паричен износ на трансакциската сметка на корисникот на финансиската поддршка.

Член 6

(1) Исплатата на финансиската поддршка за корисниците од членот 2 алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон ќе се изврши без поднесување барање од страна на корисниците, врз основа на податоците од евиденциите на центрите за социјална работа и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, за остварено право во претходниот месец од месецот во кој се врши исплатата на финансиската поддршка.

(2) Датумот на исплата на финансиската поддршка од членот 4 од овој закон се објавува на веб-страницата на Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Министерството за образование и наука, најдоцна до петти во месецот за тековниот месец.

Член 7

(1) Корисникот на право од членот 2 алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон кој не добил финансиска поддршка, може да поднесе приговор до Комисијата за одлучување по приговори за финансиска поддршка при Министерството за труд и социјална политика, во рок од осум дена од денот на извршената исплата на финансиската поддршка, согласно со овој закон.

(2) Приговорот од ставот (1) на овој член содржи податоци за подносителот на приговорот и тоа: име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот, адреса на живеење, контакт-телефон и/или електронска пошта и категоријата на корисник на правото од членот 2 алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон.

(3) Приговорот од ставот (1) на овој член се поднесува во архивата на Министерството за труд и социјална политика или по електронски пат.

(4) Комисијата за одлучување по приговори за финансиска поддршка од ставот (1) на овој член ја формира министерот за труд и социјална политика, во состав од 11 членови од редот на вработените државни службеници, од кои три члена од Министерството за труд и социјална политика, два члена од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, три члена од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и три члена од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Град Скопје. Претседател на Комисијата се определува од редот на членовите од Министерството за труд и социјална политика.

(5) Административно-техничките работи на Комисијата од ставот (1) на овој член, ги вршат вработени лица од редот на државните службеници во Министерството за труд и социјална политика.

(6) Комисијата од ставот (1) на овој член, по поднесените приговори одлучува во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на приговорот.

(7) Комисијата за одобрените приговори доставува известување до подносителот на приговорот и до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, односно до Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Град Скопје, а за одбиените приговори до подносителот во рок од три работни дена од денот на одлучувањето по приговорот.

Член 8

(1) Министерството за образование и наука објавува повик на својата веб-страница за добивање на финансиската поддршка од членот 4 став (3) на овој член, образецот на пријавата и изјавата за давање согласност за обработка на лични податоци, кој повик трае седум дена од денот на објавувањето.

(2) За учениците кои не се пријавиле или не ги исполниле условите за добивање на финансиската поддршка на претходните повици, Министерството за образование и наука секој месец објавува повик, најдоцна до петтиот ден во месецот, кој повик трае седум дена од денот на објавувањето.

(3) Пријавата за финансиската поддршка во износ од 1.200 денари за ученици во основно образование, односно 1.800 денари за ученици во средно образование, чии семејства имаат вкупни месечни приходи од нето-плата до 50.000 денари, се поднесува во училиштето во коешто ученикот е запишан.

(4) Пријавата од ставот (1) на овој член ги содржи следниве податоци: име и презиме на ученикот, име и презиме на родителот/старателот подносител на пријавата, единствен матичен број на граѓанинот на подносителот на пријавата, износот на месечните приходи од нето-плата и копија од трансакциска сметка на подносителот на пријавата, доказ за месечните приходи од нето- плата на двајцата родители/старатели од работодавачот, како и изјава за давање согласност за обработка на личните податоци.

(5) Училиштата се должни по извршената проверка на податоците и доказите од ставот (3) на овој член до Министерството за образование и наука да достават листи на ученици кои ги исполнуваат условите од ставот (3) на овој член, во рок од седум дена од денот на завршувањето на повикот. Листата содржи име и презиме на ученикот, име и презиме на родителот/старателот и неговата трансакциска сметка.

(6) Училиштето преку е-маил адреса го известува родителот/старателот дали ги исполнува или не ги исполнува условите за добивање финансиска поддршка од ставот (3) на овој член. Средствата од финансиската поддршка ќе се уплатат на трансакциската сметка на родителот/старателот подносител на пријавата кој ги исполнува условите за добивање на финансиската поддршка.

(7) Училиштата се должни секој месец, во период од 15-ти до 20-ти во месецот да вршат проверка на податоците содржани во пријавата од ставот (3) на овој член, со доставување потврда за месечните приходи од нето-платата остварени во претходниот месец од страна на родителите/старателите на ученикот корисник на финансиската поддршка.

(8) Податоците од ставот (7) на овој член, училиштата ги доставуваат до Министерството за образование и наука во рок од два работни дена, по извршената проверка од ставот (7) на овој член.

(9) Подносителот на пријавата кој добил известување дека не ги исполнува условите за добивање на финансиска поддршка, а кој смета дека ги исполнува условите, може да поднесе приговор преку архивата во училиштето до Комисијата за одлучување по приговоро-

ри за финансиска поддршка за ученици од основното, односно средното образование, во рок од осум дена од денот на добивањето на известувањето од ставот (6) на овој член.

(10) Комисијата за одлучување по приговори за финансиска поддршка за ученици од основното, односно средното образование ја формира министерот за образование и наука и е составена од седум члена од редот на вработените државни службеници во Министерството за образование и наука.

(11) Училиштата се должни приговорите со доставената документација од подносителот да ги достават до Министерството за образование и наука во рок од три работни дена од денот на поднесувањето на приговорот. Комисијата од ставот (10) на овој член по поднесените приговори одлучува во рок од 10 дена од денот на доставување на приговорот од страна на училиштата.

(12) Комисијата од ставот (10) на овој член за одобрените, односно одбиените приговори, доставува известување до подносителот на неговата е-маил адреса, во рок од три работни дена од денот на одлучувањето по приговорот.

Член 9

(1) Министерството за образование и наука објавува повик на својата веб-страница за финансиска поддршка од членот 4 став (4) од овој закон, кој повик трае седум дена од денот на објавувањето.

(2) За студентите кои не се пријавиле или не ги исполниле условите за добивање на финансиската поддршка на претходните повици, Министерството за образование и наука секој месец објавува повик, најдоцна до петтиот ден во месецот, кој повик трае седум дена од денот на објавувањето.

(3) За добивање на финансиската поддршка од членот 4 став (4) од овој закон, студентот се пријавува на апликацијата e-uslugi.mon.gov.mk и ги внесува и приложува следниве податоци и докази: име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот, електронска пошта, адреса на живеење, доказ дека е редовен студент на државен универзитет, трансакциска сметка, месечна карта за превоз од местото на живеење до местото на студирање и изјава за давање согласност за обработка на личните податоци на студентот.

(4) Министерството за образование и наука по извршената проверка на податоците и доказите од ставот (3) на овој член, во рок од пет работни дена од денот на пријавувањето на студентот за добивање на финансиската поддршка од членот 4 став (4) од овој закон, ќе утврди статус на прифатено или одбиено барање за финансиска поддршка во самата апликација.

(5) Државните универзитети се должни секој месец, најдоцна до 10 во месецот до Министерството за образование и наука да доставуваат список на редовни студенти за претходниот месец со цел проверка на податоците.

(6) Студентот на кој ќе му се утврди статус на неприфатено барање во апликацијата e-uslugi.mon.gov.mk, а кој смета дека ги исполнува условите за добивање финансиска поддршка од членот 4 став (4) од овој закон, може да поднесе приговор до Комисијата за одлучување по приговори за финансиска поддршка за студенти при Министерството за образование и наука, во рок од осум дена од денот на добивањето на статусот од ставот (4) на овој член.

(7) Комисијата за одлучување по приговори за финансиска поддршка за студенти ја формира министерот за образование и наука и е составена од седум члена од редот на вработените државни службеници во Министерството за образование и наука.

(8) Приговорот од ставот (6) на овој член може да се поднесе по електронски пат до Министерството за образование и наука.

(9) Приговорот од ставот (6) на овој член содржи податоци за подносителот на приговорот и тоа: име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот, електронска пошта, адреса на живеење, универзитетот на кој студира студентот и контакт-телефон.

(10) Комисијата од ставот (7) на овој член, по поднесените приговори одлучува во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на приговорот.

(11) Комисијата за одобрените, односно одбиените приговори, доставува известување до подносителот на неговата електронска пошта, во рок од три работни дена од денот на одлучувањето по приговорот.

Член 10

Примената финансиска поддршка, согласно со одредбите од овој закон, не се оданочува со данок на личен доход, согласно со Законот за данокот на личен доход.

Член 11

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон кои се однесуваат за финансиската поддршка за корисниците од членот 2 алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон, врши Министерството за труд и социјална политика.

(2) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон кои се однесуваат за финансиската поддршка за корисниците од членот 2 алинеи 5 и 6 од овој закон, врши Министерството за образование и наука.

Член 12

(1) Датумот на исплата на финансиската поддршка од членот 4 ставови (1) и (2) од овој закон за месец декември 2023 година ќе се објави на веб-страницата на институциите од членот 6 став (2) од овој закон, во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Повикот од членот 8 став (1) и членот 9 став (1) од овој закон за месец декември 2023 година се објавува во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 13

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

**L I GJ**
**I MBËSHTETJES FINANCIARE TË KATEGORIVE TË REZIKUARA SOCIALE TË QYTETARËVE**

Neni 1

Ky ligj rregullon përfituesit, shumën, mënyrën e sigurimit dhe pagesës së mbështetjes financiare për kategoritë e rrezikuara sociale të qytetarëve.

Neni 2

Përfitues të mbështetjes financiare të ofruar në përputhje me këtë ligj janë personat nga një kategori e rrezikuar sociale e qytetarëve, përkatësisht:

- përfituesit e shtesës së veçantë;
- përfituesit e së drejtës për kompensim për shkak të aftësisë së kufizuar;
- prindër kryfamiljarë që janë përfitues të evidentuar të ndihmës së garantuar minimale;
- shfrytëzuesit e së drejtës së pensionit deri në shumën 19.000 denarë;